**Општинско основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош"-Скопје**

---

**Ул.Орце Николов 161, Карпош-Скопје Тел. 02/3065-337**

Врз основа на одредбите од членовите 19, 20 и 21 од Правилникот за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош"-Скопје, Комисијата за пофалби и награди распишува:

**К О Н К У Р С**

**За избор на ученик-првенец на генерација и двајца посебно истакнати ученици за 2022/2023 година**

Право на учество имаат учениците од деветто одделение кои ги исполнуваат следните услови:

- Да покажуваат примерен однос во училиштето и надвор од него;
- Да имаат континуиран одличен успех по сите наставни предмети;
- Да имаат учествувано на училишни натпревари;
- Да имаат освоено награди, дипломи и признанија;
- Активно да учествуваат во слободни ученички активности како и во работата на ученички организации.
- Да нема изречено поголема педагошка мерка од една усна опомена од класен раководител во текот на школувањето.

Учениците кои ги исполнуваат горенаведените услови, потребните документи да ги достават лично во училиштето кај секретарот најдоцна до 31.05.2023 година.

**Документите треба да содржат**:

- Молба до комисијата;
- Свидетелства од 6 до 8 одделение;
- Копии од дипломи, пофалници, благодарници или признанија од 6 до 8 одделение;
- Потврди за учество во слободни ученички активности на одделенската заедница, детската организација, организацијата на Црвен крст или други организации преку кои се промовира училиштето.

Комисијата за пофалби и награди ќе ги разгледа пристигнатите документи и според Правилникот на училиштето за бодување ќе состави кандидатска листа за избор на ученик-првенец на генерацијата и двајца посебно истакнати ученици.

**Комисија за пофалби и награди:**

- Вера Димовска - психолог
- Валентина Ковачевска - педагог
- Христина А. Борисовска - предметен наставник
- Катица Богоевска - одделенски наставник

Директор

д-р Мирјана Алексова